### СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ТОМО ВЛАДИМИРСКИ

# Слики што се дневник на расположенија

## Голема ретроспектива и репрезентативен монографски каталог ќе го означат векот од раѓањето на Владимирски

Во Националната галерија привршуваат подготовките за големата ретроспектива на Томо Владимирски, еден од основоположниците на современото македонско сликарство, кому годинава му се одбележуваат 100 години од раѓањето.

- Оваа ретроспектива е придонес за попродлабочено согледување на значајната улога што Владимирски ја одигра во ликовниот живот и во културното живеење на Македонија, воопшто - вели Мирјана Талевска, виш кустос во Националната галерија, која работеше на подготовката на изложбата и на текстот за репрезентативниот монографски каталог.



„Мотив од Вардар", масло на лесонит

На изложбата што ќе биде отворена кон средината на месецов ќе бидат претставени 130 дела од сите периоди на творештвото на овој автор.

- Најстарата слика што ќе биде изложена потекнува од 1935 година и е во сопственост на Климе Поповски. Тој ја купил на аукција во Прага, каде што Владимирски престојувал во времето на својата специјализација. Последната е од 1970 година, што значи нецела година пред смртта на сликарот - вели Талевска.

На изложбата ќе бидат поставени слики од сите ликовни дисциплини, најмногу масла, акварели, цртежи и скици за сценографија (заедно со Цицо Поповиќ, Владимирски се смета и за пионер на сценографијата во Македонија).

- Владимирски секогаш се трудел сцената да ја претвори во волшебно уметничко доживување, вложувајќи висока креација и нему својствена имагинација - го оценува Талевска сценографскиот ангажман на Владимирски во текстот за каталогот.

Во неговото ликовно творештво, пак, недвојбено најмногу внимание привлекуваат пејзажите. Познат како пејзажист, Владимирски, во толкувањето на Талевска, „опишувајќи еден предел, своето сликарство го претвора во личен дневник на своите победи и расположенија".

J. Ф.